## Упатство за корисниците на библиотеката

***Услуги на библиотеката***

Библиотеката ги врши работите поврзани со систематско собирање на библиотечен материјал од област на науката при што им обезбедува пристап до библиотечниот материјал на сите студенти и вработени на Универзитетот за научно истражување.

Корисниците на библиотеката може да позајмат книга или списание за време согласно правилникот за работа на библиотеката.

Во прилог на голема колекција на книги и списанија во печатена и електронска форма, во читалната се наоѓа компјутери поврзани на интернет мрежата. Со ова им се нуди на сите студентите пристап до електронската библиотека како и библиотеката на светската туристичка организација на ОН.

Библиотеката претставува средиште, медиум и витална сила во функционирањето и јакнењето на нашата високообразовна институција. Самиот простор е место каде што студентите и вработените се сретнуваат, дружат, учат, истражуваат и информираат, место каде студентите добиваат базична подршка во функција на стекнување дополнителни квалитетни знаења и вештини.

Поимот библиотека тука не се сфаќа како синоним само за книги, напротив тука е базата на фотографии, видео материјали, списанија, каталози, дигитални записи и слободен пристап до интернет содржини.

Покрај публикации кои се издание на Центарот за издавачка дејност на УТМС, таа располага со значителен број на библиотечни единици од домашни и странски автори од релевантни области.

Следењето на светските трендови неминовно наметнаа потреба од електронско библиотекарство така што составен дел на универзитетската библиотека е и Е-библиотеката каде што потребните информации и литературата сите заинтересирани субјекти можат да ја добијат и во електронска форма во секое време што несомнено значи предност и напредокот во ообразовен процес на сите нивоа.

Тоа е место каде што сите студенти добиваат помош за изработка на своите проектни задачи и други активности поврзани со нивните студии. Покрај студентите, сите вработени директно или индиректно поврзани со наставата, имаат пристап и ја користат библиотеката и нејзиниот библиотечен фонд за изработка на научно-истражувачки проекти, научни трудови како и подготовки за учество на конгреси, конференции и симпозиуми. Како дел од библиотечниот простор е и читалната во која сите корисници имаат интернет пристап согласно правилникот за работа на библиотеката. Покрај директната вербална комуникација, сите корисници услугите можат да ги добијат и преку електронска комуникација во текот на целиот ден.

***Библиотечен фонд***

На сите студенти и вработени во библиотеката им е на располагање целиот библиотечен материјал за потребите на научното истражување. Универзитетската библиотеката располага со фонд од околу 11.000 библиотечни единици или 6.000 наслови од кои над 4.686 наслови на книги, магистерски, докторски и специјалистички трудови, значителен број на аудио и видео записи, списанија, албуми и друг книжен и некнижен материјал а тој број постојано расте. Преку библиотеката сите заинтересирани чинители на наставните и вонnаставните активности на Универзитетот можат да ја користат и библиотеката на Светската туристичка организација при ОН каде што УТМС е застапен со своето членство.

Во библиотеката се чуваат диплома и магистратура делата на нашите студенти.

Главна улога при информирање, избор и помош при изборот на материјали, има библиотекарот во соработка со наставниот кадар и податоците содржани во каталог (класичен и електронски).

***Правила за користење на библиотеката***

1. Библиотека обезбедува користење на библиотечниот материјали во:
   a) во читалната на библиотеката,
   b) надвор од библиотеката за многу кратко време.
2. При користење на библиотечниот материјал надвор од библиотеката, корисниците на библиотеката се должни да се придржуваат кон роковите за враќање:
   - Наставници и вработени до 30 дена
   - Студентите до 7 дена
   - Други корисници до 2 дена
3. Библиотека обезбедува користење на библиотечниот материјали во:
   - книжна и
   - електронска форма.
4. Рокови за употреба може да биде продолжен на барање на корисникот, а пред истекот на рокот за враќање да се извести и добие дозвола од библиотекарот.
5. За користење надвор од библиотеката не може да се издаваат постдипломски трудови, објавена во ограничен број на копии и скапоцени материјали
6. Корисниците на библиотеката, може да го користат библиотечниот материјал надвор од библиотеката:
   - наставници и другите вработени до 5 публикации,
   - студентите до 3 публикации и
   - други до 2 публикации
7. Корисникот не може позајмениот материјал да го позајми на некој друг, ниту пак може да го пренесе на друго лице.
8. Корисникот кој во утврдените рокови не го врати позајмениот библиотечен материјал го губи правото да продолжи да ги користи услугите на библиотеката се до денот на враќање.

***Мерки во случај на ненавремено враќање, оштетување или губење на библиотечниот материјал***

1. Корисниците се должни да го вратат позајмениот библиотечен материјал од библиотеката во роковите утврдени со овој правилник.
2. Лицата кои работат со библиотечниот материјал, должи се при издавање и враќање на библиотечни материјали да го прегледаат материјалот и да ја евидентираат евентуалната штета, како и да одлучи дали публикација не смее да се издава за употреба надвор од библиотека, согласно членовите 12 и 15 од правилникот за работа на библиотеката.
3. Доколку при враќањето на библиотечни материјали, се утврди штета (извиткани и скинати листови, слики, додатоци, уништен знак за припадност на библиотеката) или изгубен библиотечен материјал, корисникот е должен во определено време да ја плати штетата на еден од следните начини:
    - Да обезбеди иста или понова верзија на публикацијата,
    - Да ја надомести штетата во соодветна парична вредност, што се утврдува врз основа на пазарната вредност на уништениот материјал со уплата на банкарска сметка на Универзитетот,
    - Доколку е можно да ја доведе до првобитната состојба и да ги сноси трошоците за враќање во првобитна состојба со негова реставрација.
4. Ако корисникот прифати да плати отштета за купување на понови изданија изгубени или оштетени објавување, тоа е запишано, и нова добијат нови инвентар број.
5. Корисникот го губи правото на користење на библиотеката во случај ако значително го надмине времето на користење, оштетување или губење на публикацијата или кога намерно со крајна небрежност ги крши правилата на библиотеката.
6. Корисниците се должни во библиотеката да ги вратат неоштетени библиотечните материјали во роковите утврдени со овој правилник.

Доколку корисникот не го врати позајмениот библиотечен материјал во утврдениот рок, на него му се упатува писмено предупредување.

Ако корисникот во рок од 7 дена по предупредувањето не ја исполни обврската од овој правилник, по судски пат се бара враќање на позајмените публикации.

***Обврски на корисникот***

1. При користење на библиотечниот материјал, корисникот е должен да се придржуваат кон правилата утврдени со овој правилник.
2. Корисникот е должен да го почитува работното време на библиотеката.
3. Корисникот е должен да ги почитува следните правила за користење на читалната:
    - За ги пријави публикациите кои ќе се користи во читалната,
    - При напуштање на читалната да го врати библиотечниот материјал кој го позајмил на користење во читалната,
    - Во читалната е забрането внесување на храна и пијалаци,
    - Во читалната мора да владее ред и тишина.

Во случај на повреда на мирот и тишината и по предупредувањето, студентот може да биде отстранет од читалната.

***Користење на Интернет читална***

1. Интернет во читалната користат исклучиво студентите и вработени на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје. Интернет може да користат и други лица ангажирани на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје, со посебна дозвола. Одговорните лица претставуваат: генералниот секретар и деканите на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје. Сите наведени корисници имаат право да користат интернет во читалната под еднакви услови.
2. Корисникот на Интернет пристап во читалната се обврзува да:
    - превземе целосна морална, правна и кривична одговорност за активностите спроведени од својата корисничка сметка,
    - услугите дадени за користењен, да не ги користи спротивно на Кодексот на однесување во библиотека и на Иинтернет,
    - ги почитува правата на другите корисници,
    - го ограничи своето време за користење и отстапи место на друг кој чека подолго време,
    - го почитува правилото и во Интернет читалната да не внесува храна и пијалаци,
    - го почитува редот и тишина.

Библиотекар:

М-р Јулијана Петровска

адреса: „Партизански одреди’’ 99

тел: ++389 02 30 93 212

моб.тел. : 072 254 196

e-mail: j.petrovska@utms.edu.mk